„Клучот на македонската револуција“ од Петар Стојков издадена во Софија 1898 година и третата од Д. Вихров „Отворено писмо до македонските револуционери“ објавена во Стара Загора 1899 и повторно во Габрово во 1901 година. Овие три брошури го поставувале прашањето на политичкото уредување на Македонија во предилинденскиот период.

**Д-р Александар Матковски** ја објавува статијата **„Еден значаен и познат бунт во Дебарската нахија од 1560 година“.** Врз основа на повеќе турски документи авторот ни открива една досега непозната буна во овој крај која траела скоро цела една година.

Потоа следува статијата на академикот **Михаил Д. Петрушевски** под наслов **„Првобитните палатали и палатализацијата во грчкиот јазик од микенската епоха** (стр. 81—103). Ова претставува убав прилог кон проучувањето на микенскиот грчки јазик.

И на крајот е статијата на проф. **Крум Тошев „Некои иновации и доразвивање на некои црти во градскиот струшки говор“** (стр. 105—113). Ова е прилог кон проучување на струшкиот говор од втората половина на XIX век, а врз основа на изданија од тој период. На стр. 111 каде авторот дава напоредни примери на македонскиот и аромунскиот јазик за предлогот „на“, односно во аромунскиот „пи“, но примерите што тој ги дава а се однесуваат до аромунскиот јазик не се погодни бидејќи истите се изговараат без предлогот „пи“ и тоа во сите случаи што тој ги наведува, а освен тоа има и многу грешки како во конструкциите на речениците така и во поодделните зборови.

Сите гореспоменати статии придружени се со кратки резимиња на руски, германски, англиски или француски јазик.

**А. М.**

## ГОДИШЕН ЗБОРНИК, КНИГА 22, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ (1970)

Најновиот број на годишниот зборник на Филозофскиот факултет, посветен на проф. Х. Поленаковиќ, подпретседател на МАНУ, по повод неговата 60-годишнина, по импозантниот број на печатени студии, прилози, и материјали, па и по значењето на соопштените научни резултати, ја сврстуваат оваа публикација меѓу најбогатите волумени во угледната едиција на овој факултет. Особено се бројни и значајни статиите од областа на историјата, археологијата, историјата на уметноста, епиграфиката и нумизматиката, врз кои овде ќе се осврнеме со оглед на интересот што се одгледува во ова списание кон постарата и новата историја на Македонија.

**Х. Андонов-Полјански,** во статијата **Обидот на Мехмед Али да подигне востание во Македонија** (1839—1841 година) (147—165) разгледува едно во македонската историографија малку присутно прашање: настојувањата на египетскиот династ Мехмед Али (1769—1840) да предизвика, преку свои емисари, движење во Македонија околу 1840 година, како би извршил индиректно,

притисок врз султанската власт зајакнувајќи ги уште повеќе своите позиции во блиско-источните територии. Во првиот дел од статијата авторот фрла светлина врз напорите на европската историографија во расветлувањето на политиката на Мехмед Али во контекстот на односите меѓу големите сили, а во вториот дел приведува нови изворни вести, пред сè од извештаите на британските дипломати за обидот да се инфилтрираат агенти на Мехмед Али во Македонија, како би подготвиле движење во негова корист.

**Г. Тодоровски,** во **Страници за едно македонофилство, Петар Данилович Драганов и неговите проучувања на македонското културно-политичко минато** (167—190) ги оформува битните контури за монографско иследување на П. Д. Драганов (роден 1857 г. во Бесарабија) руски славист од бугарско потекло, претходник на К. Мисирков, којшто околу три децении во руската јавност конзеквентно се застапува преку своите трудови за самобитноста на македонскиот народ и неговиот јазик. Г. Тодоровски соопштува низ нови податоци за животот на овој славист, се осврнува на неговите позначајни трудови, посветувајќи му, притоа, посебно место на одѕивот што го предизвикале статиите на Драганов во руската, бугарската и српската историска и славистичка наука. Пледоајето на авторот за долгот што го има македонската наука кон личноста и делото на Драганов, навистина има полно оправдување.

Во втората статија на **Х. Андонов-Полјански, Апелот на Ѓорѓи Ив. Капчев од 1899 година** (191—202), приведен е факсимил на француски јазик и превод на македонски јазик на Апелот од Г. Капчев, објавен во Загреб како проект за формирање на автономна македонска област во рамките на Отоманската империја. Во Апелот изнесени се границите на проектираната област и начинот на нејзината управа, што е од посебен интерес за иследувачите на државно-правната историја на Македонија. Х. Андонов-Полјански донесува и биографски податоци за личноста на охриѓанецот Г. Капчев.

**Т. Саздов, Македонија и посебно Прилеп во време на Марко К. Цепенков** (205—223) пишува воопштено за економските и културните прилики во третата четвртина на XIX век во Македонија и Прилеп, што, веројатно, претставува увод во подолга студија за М. Цепенков.

**Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија во XI и XII век според писмата на Теофилакт Охридски** (225—267) ги проучува феудалните односи во Македонија врз основа на кореспонденцијата на големиот охридски архиерej, писател и филозоф, архиепископот Теофилакт. Првиот дел од оваа опширна статија посветен е на имунитетот, односно финансиските, административните и судските права што ги уживаат византиските феудалци во време на владеењето на Алексеј I Комнин (1081—1118). Користејќи ги изворите со комплетен увид врз постојната литература што се однесува на економските односи во време на Комнините, Б. Панов со право смета дека постои **ограничен имунитет** што суштествува во специфични услови на јака централна власт инкарнирана во личноста на императорот. Процесот на феудализацијата, што во време на Комнините

ќе заземе дефинитивни форми, Б. Панов го следи преку работната, натуралната и паричната рента, за што наоѓа драгоцени изворни вести во Теофилактовите писма. Авторот оперира со широка апаратура пред сè руската византологија, која повеќе од половина век дава многу значаен придонес кон економската историја на Византија.

**К. Петров, Реконструкција на амвонот од ротондата во Коњух** (271—302) по проучувањата на С. Радојчиќ врз мошне значајниот старохристијански споменик во Коњух, чини нови напори за иследување на амвонот и неговата декорација. Авторот К. Петров предлага потполна реконструкција во декоративниот распоред на амвонот; врши реконструкција на пресекот на амвонската плоча и конечно на обликот од амвонот; прв пат го поставува прашањето за местото на амвонот во црквата, при што смета дека бил лоциран во средишниот поткуполен простор на оваа ротонда.

Во овој труд посебно место им е посветено на претставите во пластиката преку широка, споредбена анализа на симболичното значење што го имаат еленот и камилата (претставени на амвонот на Коњух) во старохристијанската уметност. Со споредбена анализа на композиционо-пластичните квалитети овоплотени во фрагментите од овој амвон, авторот убедливо заклучува дека пластиката од Коњух поседува солидно уметничко ниво што е често дури и „над уметничкиот просек на објектите од значајни уметнички центри" (стр. 302). Поранешната превисока оценка за комплетниот амвон авторот ја сведува на пореална мера, потсетувајќи на фактот дека другите амвони се или хронолошки несоодветни или типолошки различни од оној во Коњух, па спрема тоа непрепорачливи за споредба. Од друга страна, амвоните од Солун и Стоби ги смета за поефектни уметнички дострели; оваа валоризација се чини сосем прифатлива.

Во уште една статија на **К. Петров, Кон отвореното прашање на шестата базилика во Стоби** (307—316) се изнесуваат можностите pro et contra кон проблемот поставен во насловот на текстот. Прашањето отворено пред повеќе од четврт век во вид на хипотеза до денес не е ревидирано. Служејќи се со присутните елементи на теренот, К. Петров предлага реконструкција на основата од шестата базилика, при што реално го оцртува соодносот меѓу бочните кораби и средниот кораб. Авторот се осврнува и кон животот на оваа базилика, лоцирана надвор од потесниот комплекс на Стоби, како и кон значењето на бројноста од сакрални споменици во овој најголем мртов град кај нас.

**И. Микулчиќ** во статијата **„Непознат антички град кај Мојно"** (325—346) пишува за еден непознат антички град од раноцарската епоха што се наоѓа на источниот раб од Пелагониското поле. Према поранешните укажувања, градот е откриен во 1962 година со ископувањата преземени од археолозите на битолскиот музеј. Авторот прави дескрипција обогатена со компаративни укажувања пред сè на статуите од божествата и граѓаните, а се осврнува и на другите камени споменици. Врз основа на наодите, авторот заклучува дека станува збор за „постоење на еден град со сите свои основни конституции и пра-

ва...“ сместувајќи го во категоријата на oppidum-и. Значајни се екскурсите на авторот за култовите на божествата и нивната распространетост во овој дел на царството, за животот и судбината на другите антички градови во Македонија, како и за карактерот на урбаната култура во античкиот град кај денешниот локалитет Мојно.

Во првиот прилог на **Б. Драгоевиќ - Јосифовска, Један латински натпис из Скупа** (319—322) се објавува текстот од една надгробна стела подигната од сопругата на покојниот римјанин **Manie Epidie Pudes** којшто триесетина години провел во војна служба. Стелата е подигната во втората половина на први век од н.е., пронајдена е во с. Злокуќани кај Скопје, а се чува во Археолошкиот музеј. Кон натписот авторот соопштува и извесни лингвистички белешки. Вториот прилог со наслов **Depo folesi од с. Марвинци** (353—372) нè запознава со монетите откриени во гевгелиското село Марвинци датирани во последните години на третиот и првите години на четвртиот век (цар Диоклецијан и Максимилијан); овој нумизматички прилог го потврдува економското комуницирање меѓу Тесалоники и Скупи, бидејќи е пронајден на патот меѓу овие крупни градски центри.

Од областа на филозофијата и педагогијата во овој зборник објавени се статиите на П. Вук-Павловиќ, Душевност и уметност; Ј. Јосифовски, Теорија на познавањето и формалната логика кај Хрватите од XIX век до Втората светска војна; Р. Кантарџиев, Заемните училишта во Македонија.

Бројни статии објавени се од областа на книжевноста и јазикот: Б. Конески го објавува трудот „Стихови на глас трпезечки“; А. Спасов пишува за една непозната стихотворба на Константин Петковиќ; Б. Настев донесува нови изворни сведоштва за смртта на Браќа Миладинови; К. Вроцлавски објавува статија под наслов „Историски легендарни и литературни еха на мисијата на Моравските Браќа солунски во Полска“. Потоа следуваат статиите на М. Ѓурчинов, Пастернак и Мајаковски; И. Ковиловска-Поповска, Трагедијата на Магбет; В. Јанева-Стојановиќ, Визија на човекот во механизираниот свет во творештвото на Карел Чапек; А. Папазоглу, Престојот на Луј Фирнберг во Југославија; Б. Видоевски, Констинуантите на вокалите **р** и **л** во дијалектите на македонскиот јазик; О. Јашар-Настева, За македонските тајни јазици; Р. Угринова-Скаловска, Траги од глаголската писмена традиција во македонските кирилски текстови од XII и XIII век; Б. Марков, Глаголскиот вид во рускиот јазик со оглед на македонскиот; В. Силјаноски, Консонантни групи во почетна, средишна и финална положба во македонскиот јазик. В. Стојческа-Антиќ објавува речиси комплетна библиографија на објавени трудови и статии од проф. д-р Х. Поленаковиќ.

**Ц. Г.**